ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1

Бр. 02-3072/6
15-04-2021

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 15.4.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар)

### Член 1

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 81.709.920 денари.

Банката, во согласност со важечката регулатива од бруто-износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и уплати персонален данок на доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2020 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

### Член 2

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 90,00 денари, односно 9,00 % од номиналната вредност на акциите која изнесува 1.000 денари.

### Член 3

Собранието на акционерите на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 15.4.2021 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2020 година се определува на еден од следните начини:

- 6.5.2021 година или
- осмиот ден од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда : (1) со престанок на важност на Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките бр. 02-15//III-6/2021 од 26.2.2021 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 47/26.02.2021) или (2) со донесување решение, одлука или друг акт на надлежен орган со кој за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда

во зависност од тоа кој од вака определените датуми на евиденција во согласност со алинеја 1 и алинеја 2 ќе настапи подоцна.

Доколку осмиот ден од денот на евиденција утврден во согласност со став 1, алинеја 2 на овој член е неработен ден, како датум на евиденција ќе се сметка првиот нареден работен ден.

### Член 4

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2020 година е два работни дена пред датумот на евиденција утврден во согласност со член 3 од оваа Одлука.

**Член 5**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2020 година е еден работен ден пред датумот на евиденција утврден во согласност со член 3 од оваа Одлука.

**Член 6**

Исплатата на дивиденда за 2020 година ќе започне на 20.5.2021 година или најрано по истекот на дваесет дена од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда, на еден од начините предвидени во член 3 став 1 алинеја 2 од оваа Одлука во зависност од тоа кој од вака определените датуми на евиденција ќе настапи подоцна.

**Член 7**

Дивидендата за 2020 година ќе се исплатува во готово (на трансакциските сметки на акционерите).

**Член 8**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката со посебна одлука да ги утврди точните датуми на дивидендниот календар во согласност со оваа Одлука и да ги објави на ист начин како и повикот за свикување на Собрание.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда на еден од начините предвидени во член 3, став 1 алинеја 2 од оваа одлука.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

**Томе Волкановски**

-----------------------------------------------